Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1096/2022

Дата....09 -06- 2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Пробиштип, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани за фотонапонска електроцентрала на КП 49/4 во КО Неокази, Општина Пробиштип.**

Предвидената фотонапонска електроцентрала е со вкупен капацитет од 3 MW и зафаќа површина од 3,15 ха.

Во непосредна близина на планскиот опфат има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичко планска документација за изградба на индустриски комплекс на КП 45/1, 45/3, 566/1 и дел од КП 1/2 во КО Неокази, Општина Пробиштип, со тех.бр. У32914.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y18222** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата на проектот - изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани за фотонапонска електроцентрала на КП 49/4 во КО Неокази, Општина Пробиштип, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност, со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани за фотонапонска електроцентрала на КП 49/4 во КО Неокази, Општина Пробиштип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk